Марко Китевски

# МОТИВОТ НА ВЅИДАНАТА НЕВЕСТА ВО МАКЕДОНСКОТО НАРОДНО ТВОРЕШТВО

Мотивот на вѕиданата невеста (жена) е многу популарен и е широко распространет во народното творештво на многу народи во светот. Од таа причина народните умотворби со овој мотив се многу проучувани од разни истражувачи, фолклористи, етнолози, антрополози ... Тие овој мотив го истражуваат во контекстот на проучувањата на култовите, тотемизмот, магијата, религијата и друго. Така овој мотив е толку истражен што денес тешко дека би можело да се каже нешто ново на тој план.

За предмет на нашето истражување ги зедовме македонските народни умотворби токму со овој мотив, зашто во досегашните истражувања на оваа тема, тие, пред сè, македонските балади, од некои истражувачи од странство се третирани како бугарски балади. Во некои случаи тоа е тенденциозно, познатите негирања на македонската национална самобитност, на присвојување на македонското историско минато и на македонското духовно наследство, во други случаи тоа е главно од причина што овие умотворби се земени од зборници публикувани во Бугарија.

Што се однесува до самиот мотив јасно е дека тој произлегува од дамнешното жртвопринесување што во основа го има верувањето дека ниту една поголема градба не може да опстане ако во нејзините темели не се вгради човечка жртва. [1] Јасно е дека ова верување води потекло од далечното човечко минато, зашто според верувањето на племињата од најнизок степен на културата на боговите најомилени и најдрагоцени им се човечките жртви. Затоа во најстарото минато на човекот најмногу се жртвувале деца, девојки, момчиња, невести, а потоа истакнати црковни и световни старешини. Подоцна тие се заменети со жртвување на робови. Човечки жртви се принесувале од најразлични верски и магиски причини.[2] Очигледно дека со принесувањето на жртвата се сакало објектот да се стави под заштита на божеството, а со тоа да им се обезбеди здравје и среќа на оние што ќе живеат тука.[3] Подоцна овој суров обичај бил

ублажен со вѕидување сенка во темелот, но пак со верување дека оној чија сенка е вѕидана наскоро ќе умре. Во врска со ова е и верувањето дека секоја градба, секоја куќа, дури и секоја населба си има стопан, сајбија, домаќин или таласам, „кој настанува од оние суштества чија сенка е вѕидана во темелот".[4] Да го спомeнеме и денешниот обичај на давање курбан на секоја градба кога се коле јагне во источната страна и крвта се остава да истече во темелот, каде што се вѕидува и главата од јагнето. Овој начин на жртвопринесување е замена на некогашното жртвување на човек.

Повеќемина од собирачите на македонските народни умотворби забележале и умотворби со овој мотив. Ќе спомнеме дека вакви балади забележале Миладиновци,[5] Јастребов,[6] Тахов,[7] Архаидов,[8] а вакв балада е објавена и во „Книжици за прочит"[9]. Преданија, пак, со овој мотив забележале Цепенков,[10] Шапкарев,[11] и други.[12] Треба да се каже дека народни умотворби со овој мотив се забележани и во поново време и се чуваат во Архивот на Институтот за фолклор „Марко Цепенков" од Скопје.[13] Тоа, пак, од друга страна зборува за фактот дека овој мотив сè уште е жив во македонската фолклорна средина и сè уште им претставува инспирација на народните творби.

Што се однесува до македонските балади со овој мотив, можеме да речеме дека тие толку се слични меѓу себе што без малку може да се зборува за повеќе варијанти на иста песна.[14] Заедничко во сиве овие балади е тоа што она што мајсторите ќе го направат во текот на денот некоја непозната сила го руши во текот на ноќта. Услов да затрае градбата е да дадат човечка жртва. Тогаш мајсторите се договараат да ја заѕидаат невестата што следниот ден ќе им донесе ручек. Притоа и се заколнуваат дека вечерта никој нема да ѝ каже на својата невеста. Но само еден од мајсторите ќе остане на ветениот збор, и тоа е секогаш најмладото мајсторче, додека другите ја прекршуваат заклетвата. Токму поради тоа и најмладата невеста ќе биде жртвата. А бидејќи има мало дете таа ќе ги моли мајсторите да и ја остават десната града за да може да си го подои детето. Желбата ќе ѝ ја исполнат, а по нејзиното заѕидување и градбата ќе застане и ќе биде завршена.

Но ако битните моменти кај овие балади се заеднички, постојат разлики во однос на некои детали. Така, на пример, објектот што го градат мајсторите во едни умотворби е ѕид, во

други мост, некаде кале, а некаде куќа. Во едно предание, пак, од Архивот на Институтот за фолклор, сенките се вѕидуваат во бунарот.[15]

И бројот на мајсторите не е ист. Некаде тие се тројца браќа, некаде деветмина браќа, некаде, пак се деветмина, но не се кажува дека се браќа. Некаде мајсторот е сам, а некаде собрал „триста мајстори, двесте шегрти".

Заедничко за сите случаи е што градбата што дење ја градат ноќе паѓа. Која е причината не се кажува, но се насетува дека ја урива некоја натприродна сила. Само во една песна, веројатно од понов датум, мостот го руши водата од големите реки. Во некои од овие балади не е соопштено како мајсторите дошле на идеја да дадат жртва за да застане градбата. Во еден случај идејата е добиена во сонот, во друг мајсторот ќе дојде до ова сознание откако долго ќе размислува, а во преданието на Цепенков кога постариот брат ќе му се моли на Бога да му застане мостот, црното пиле ќе му ја открие тајната: „Дејди постар брат мајсторе, арно бога се молиш туку дури не ја закопаш жива во темелите помалата невеста од брата ти, не је чаре да застанит темелот".[16]

Како и да е откако ќе бидат начисто дека за да застане објектот треба да дадат човечка жртва се договараат тоа да биде онаа невеста што утредента ќе донесе ручек. Но, како што беше веќе речено и се договорат никој за тоа да не ѝ кажува на својата, тоа да остане тајна. Меѓутоа, и тоа во сите счучаи, само најмалото мајсторче ќе остане верно на заклетвата, додека другите ќе им кажат на своите невести за страшниот договор. Поради тоа и најмалата невеста ќе биде жртвата.

Интересен е самиот чин на жртвувањето. Во некои балади кога ќе дојде невестата мајсторите веднаш ќе ја грабнат и ќе ја заѕидаат. Во повеќето случаи таа се моли, се противи, проколнува, а кога ќе види дека сето тоа е залудно ќе ги замоли да ѝ ја стават барем десната града за да си го надои машкото дете. Во една балада мајсторите не ја заѕидуваат невестата туку ја фрлаат во реката и на тој начин ја жртвуваат. И во друга балада невестата ќе биде жртвувана не со вѕидување туку на тој начин што најпрвин нејзиното момче ќе и ја земе главата, и дури потоа ќе биде заѕидана во мостот. Тоа значи дека или овие балади се од поново време или пак претрпеле поголеми измени. Преку овие балади може

да се воспостави релација меѓу дамнешното жртвопринесување со ѕвидување на жив човек, и денешното жртвување кога во замена на човечката жртва се коле јагне или петел и главата се заѕидува во темелот.

Очигледно е дека во основата на овие умотворби е жртвопринесувањето. Инаку, остатоци од жртвопринесувањето гледаме и во други македонски народни песни и обичаи како што се оние што се поврзани со Водици, потоа додолските, ѓурѓовденските[17] и други. Инаку меѓу народот уште е задржано верувањето во потребата од давање курбан. Во преданието „Свети Атанас" еднаш годишно му се дава курбан на светецот за здравје на народот.[18] Во друго предание на човек му се сонило дека некаде има многу пари. Тој ги нашол и ги зел сите. „Ама така не чинело да праве, ка што било адет од парите сакало малко да се остават или пред тоа да се заколе кокошка ли, јагне ли, овен, што да е, курбан сакало".[19] На човекот што тоа не го направил му умрел синот.

Ги споменавме и овие преданија зашто и тие го содржат верувањето во потребата од давање жртва, а со тоа имаат заеднички корен со преданијата и баладите во кои се зборува за ѕиданата невеста (жена). Овие народни умотворби се потврда дека македонскиот народ, поточно македонските народни творци се инспирирале од овој мотив во еден континуитет од најстарите времиња до денес.

[1] Боривоје Дробњаковић, *Етнологија народа Југославије,* Београд, 1960; Лепосава Спировска, *Обичаи околу градење куќа во западна Македонија*, Бигорски собири 1974 г.; Блаже Петровски, *Баладата за вградената невеста во македонското народно творештво*, во истиот зборник; Српски митолошки речник, Београд, 1970, 126.

[2] Српски митолошки речник ..., 126.

[3] Боривоје Дробњаковић, цит. дело.

[4] Слободан Зечевић, Митска бића српских предања, Београд, 109.

[5] *Миладиновци*, Зборник, Скопје 1962, песна 162.

[6] И. С. Ястребов, Обычаи и песни турецких сербав, С. — Петербург 1886. Песната е препечатена од В. Икономов во Сборникъ отъ старонародни песни и обичаи в Дебарско и Кичевско (Западна Македонил), София 1893, 84—85.

[7] Н. Тахов, Сборникъ отъ, македонски български народни песни, София, 1895, 106.

[8] Михаил Арнаудов, Студии врху българските обреди и легенди, т. II. София, 1972 г. 221.

[9] Книжици за прочит, Солун 1891, кн. VIII—X, 210.

[10] Марко Цепенков, Македонски народни умотворби во десет книги, Народни приказни (Реалистични приказни) книга петта, Скопје, 1972, 11.

[11] Кузман А. Шапкарев, Избрани дела, том петти, Приказни, Скопје, 1976, 68.
[12] Сакаме да го споменеме и преданието „Каменик мост на Брегалница", Македонски преглед, III, 3, София, 1927, 44. Преданието е препечатено во книгата „Македонските преданија за места" од Танас Вражиновски, библиотека на списанието „Македонски фолклор", 8, Скопје 1979, 65.
[13] Архив на ИФ, л. 1537 и 1033 (песни) и 1969, 822, 2092 (преданија).
[14] Воислав Јаќоски, Баладите и баладните мотиви во македонската и во албанската народна песна, библиотека на списанието „Македонски фолклор", 11, Скопје, 1980, 16.
[15] Архив на ИФ, л. 2092, Предание „Здражопиле", раскажува Здравев Методи, роден 1903 г. во с. Загорци, Радовишко.
[16] Марко К. Цепенков, цит. дело.
[17] Танас Вражиновски, Остатоци од Ѓурговденско жртвопринесување во Валандово и Марвинци, Македонски фолклор VI, бр. 12, Скопје 1973, 131.
[18] Архив на ИФ, л. 822. Предание „Свети Атанас". Раскажува ЈТазо Илков, с. Лисиче, Велешко, забележал Анѓел Кулавковски.
[19]Архив на ИФ, л. 1969, Предание „Аџипостолница" (чешма) раскажува Вера Настова с. Вешје, снимил Киро Андонов.

*(1989)*